РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Примено: 21-10-2026
Орг. един. | Број | Прилог | Вредност
09-4470/1 2

Архивски знак: 09-06
Рок на чување: трајно
20 год
Потпис,

До
г-дин Даниел Јаневски
Претседател на Советот на Општина Велес

Предмет: Известување за ставање Точка на Дневен ред на седница на Советот на Општина Велес

Почитуван г-дин Јаневски,

Врз основа на членовите 29 и 30 од Деловникот за работа на Локалниот младински совет на Општина Велес (арх. бр. 11-255/57, од 06.07.2026 година), Ве известувам дека Службеникот за млади и членовите на ЛМС Велес спроведоа активности за подготовка и изработка на годишната Програма за работа на Локалниот младински совет на Општина Велес во 2027 година.

Почитувајќи ги одредбите од Законот за младинско учество и младински политики („Службен гласник на РСМ" бр. 10/2020), Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.1/26), како и Деловникот за работа на ЛМС Велес (арх. бр. арх. бр. 11-255/57, од 06.07.2026 година), го доставувам ова Известување до Вас со цел на следната седница на Советот на Општина Велес, да биде ставена на Дневен ред точка за усвојување на годишна Програма за работа на Локалниот младински совет на Општина Велес во 2027 година.

На седницата ќе бидат присутни членовите на ЛМС Велес, заедно со Службеникот за млади, а образложение за точката од Дневниот ред ќе даде претседателката на ЛМС Велес, Ања Трајковска (тел. 071/393-995, e-mail: anjatrajkovska02@gmail.com).

Дополнителните материјали за Точката се во прилог кон ова Известување и истовремено се доставени до Одделението за правни работи во Општина Велес.

Со почит,

Претседателка на
Локален младински совет на Општина Велес
Ања Трајковска

Службеник за млади во Општина Велес
Владимир Смилев

Прилог:
1. Одлука за избор на членови во Работна група за прибирање предлози од членовите на ЛМС Велес за подготовка и изработка на годишна Програма за работа на ЛМС Велес во 2027 година;
2. Записник од Работната група;
3. Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ЛМС Велес во 2027 година и
4. Годишна Програма за работа на ЛМС Велес во 2027 година.

Врз основа на член 9, 11, 14 и 15 од Деловникот за работа на Локалниот младински совет на Општина Велес (арх. бр. 11-255/57, од 06.07.2026 година),

Локалниот младински совет на Општина Велес, на седницата одржана на 14.09.2026 година, донесе

ОДЛУКА
за избор на членови во Работна група за прибирање предлози од членовите на Локалниот младински совет на Општина Велес за подготовка и изработка на годишна Програма за работа на ЛМС Велес во 2027 година

Член 1

Со оваа Одлука се избираат членови на Работната група за прибирање предлози од членовите на ЛМС за подготовка и изработка на годишна Програма за работа на ЛМС Велес во 2027 година:

- Лилјана Андовска, претседател на Работната група;
- Теона Гаштарска, член и
- Лана Басаров, член.

Член 2

Работната група за прибирање предлози од членовите на ЛМС за подготовка и изработка на годишна Програма за работа на ЛМС Велес во 2027 година се формира со цел прибирање идеи за реализација на иницијативи и предлози за активности на ЛМС Велес, доставени од страна на членовите на ЛМС Велес, а кои претходно ги добиле по пат на одржување работни состаноци, фокус групи, јавни дебати и трибини, организирани со сите засегнати страни во заедницата.

Работната група за својата работа подготвува Записник / Извештај кој го доставува до ЛМС Велес.

Член 3

Со годишната Програма за работа на ЛМС Велес во 2027 година се уредува начинот на работа, приоритетните области, конкретните активности и делувањето на Локалниот младински совет на Општина Велес за календарската година.

Член 4

ЛМС Велес донесува Одлука за усвојување на годишна Програма за работа на ЛМС Велес и истата ја доставува до Советот на Општина Велес за секоја календарска година.

Програмата за работа, ЛМС Велес ја донесува со мнозинство на гласови од присутните членови на ЛМС на седницата.

Член 5


Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката донесена од страна на ЛМС Велес (арх. бр. 11-1222/67, од 02.09.2025 година).

Член 6

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Број 11-255/74
14.09.2026 година
Велес

Претседателка на
Локален младински совет
на Општина Велес
Ања Трајковска



Доставено до:
- Именуваните лица;
- Локален младински совет на Општина Велес;
- Службеник за млади и
- Списи и архива.

Образложение:

Врз основа на членовите 14 и 15 од Деловникот за работа на Локалниот младински совет на Општина Велес (арх. бр. 11-255/57, од 06.07.2026 година), ЛМС Велес донесува Одлука за усвојување на годишна Програма за работа на ЛМС Велес за секоја календарска година.

Тричлената Работна група се формира со цел прибирање на конкретни идеи и предлози за креирање на годишната Програма за работа на ЛМС Велес.

Работната група ги прибира сите доставени предлози со идеи за реализација на иницијативи и активности на ЛМС Велес, доставени од страна на членовите на ЛМС Велес, а кои претходно ги добиле и срочиле во краток текст со образложение, при одржување на работни состаноци, фокус групи, јавни дебати и трибини, организирани со сите засегнати страни во заедницата (ученици од општинските училишта, претставници на училишните заедници, младински организации, организации за млади, претставници на подмладоци на политички партии, претставници на здруженија на граѓани, претставници на Младински центар од Велес, Службеник за млади од Општина Велес и други, релевантни засегнати страни).

По прибирањето на сите доставени предлози, Работната група ја креира годишната Програма за работа на ЛМС Велес за периодот за кој се однесува и истата ја доставува на усвојување на следната седница на ЛМС Велес заедно со изработен Записник / Извештај за својата работа.

Годишната Програма за работа на Локалниот младински совет на Општина Велес е во насока на остварување на поставените цели на ЛМС Велес, како и остварување на приоритетните области дефинирани во годишната Програма на ЛМС Велес.

Секој член на ЛМС Велес може да биде (само)предложен за член/ка и Претседател/ка на Работната група, а истовремено да е поддржан од најмалку три (3) други членови на ЛМС Велес.

Локалниот младински совет на Општина Велес избира Претседател/ка на Работната група за време на одржувањето на редовна седница на ЛМС Велес од редовите на членовите на Работната група.

Врз основа на член 2 од Одлуката за избор на членови во Работна група за прибирање предлози од членовите на Локалниот младински совет на Општина Велес за подготовка и изработка на годишна Програма за работа на ЛМС во 2027 година (арх. бр. 11-255/74, од 14.09.2026 година),

членовите на Работната група го составија овој

ЗАПИСНИК
за работата на членовите на Работната група за прибирање предлози од членовите на ЛМС за подготовка и изработка на годишна Програма за работа на ЛМС Велес во 2027 година

Работната група за прибирање предлози од членовите на ЛМС за подготовка и изработка на годишна Програма за работа на ЛМС Велес во 2027 година, одржа состанок на 05.10.2026 година (понеделник), во просториите на Општина Велес, на која присуствуваа Лилјана Андовска, претседател на Работната група, Теона Гаштарска и Лана Басаров, членови, како и претставникот на општинската администрација, Владимир Смилев, Службеник за млади во Општина Велес.

Претседателот на Работната група констатираше дека сите членови се присутни и дека може полноправно да одлучува. Работната група започна со работа во 13:30 часот.

Работната група констатираше дека доставените предлози од страна на членовите на ЛМС Велес со предлози и идеи за реализација на активности и иницијативи во календарската 2027 година се добиени на јавен, транспарентен и директен начин во соработка со млади луѓе, односно со претставници на засегнати страни во заедницата / Форми на младинско организирање и здружување.

Работната група констатираше дека членовите на ЛМС Велес одржаа вкупно осум (8) средби / консултации / фокус групи / состаноци со млади луѓе од Општина Велес, како и со претставници на останати релевантни, засегнати страни, во временскиот период од 22 септември до 30 септември 2026 година, почитувајќи ги принципите на јавност и транспарентност и вклучувајќи повеќе групи на чинители од заедницата, односно претставници на разни Форми на младинско организирање и здружување (детален табеларен приказ).

Табеларен приказ на одржани средби со претставници на засегнати страни / Форми на младинско организирање и здружување				
бр	**Тип на средба**	**Засегната страна / Форма на младинско организирање и здружување**	**Количина**	**Период на реализација**
1	Фокус група	Ученици од општински средни училишта Претставници на ученички совети / Одговорни професори на ученички совети	4	Септември 2026
2	Фокус група	Претставници на Младински центар Велес	1	Септември 2026
3	Фокус група	Претставници на Европска куќа, Велес	1	Септември 2026

Табеларен приказ на одржани средби со претставници на засегнати страни / Форми на младинско организирање и здружување				
бр	**Тип на средба**	**Засегната страна / Форма на младинско организирање и здружување**	**Количина**	**Период на реализација**
4	Јавна расправа	Претставници на младински организации / организации за млади / Здруженија на граѓани	1	Септември 2026
5	Состанок	Службеник за млади во Општина Велес	1	Септември 2026

Работната група ги прибра и ги срочи во еден заеднички текст предлозите и идеите произлезени од работните состаноци со претставниците на засегнатите страни, односно на формите на младинско организирање и здружување, насловен „Предлог-годишна Програма за работа на Локален младински совет на Општина Велес во 2027 година". Истата навремено ќе ја достави до членовите на ЛМС Велес и до Службеникот за млади во Општина Велес, за потоа да биде доставена до Советот на Општина Велес за понатамошно постапување.

Работната група за својата работа го подготви овој Записник и ја заврши својата работа во 14:00 часот.

Работна група за прибирање предлози од членовите на ЛМС за подготовка и изработка на годишна Програма за работа на ЛМС Велес во 2027 година

1. Лилјана Андовска, Претседател _____
2. Теона Гаштарска, член _____
3. Лана Басаров, член _____

Број 11-255/85
05.10.2026 година
Велес

Доставено до:
- Локален младински совет на Општина Велес;
- Службеник за млади и
- Списи и архива.

Врз основа на член 16 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ" бр. 10/2020), членовите 41, 46 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 1/26), членовите 29 и 30 од Деловникот за работа на Локалниот младински совет на Општина Велес (арх. бр. 11-255/57, од 06.07.2026 година), како и Одлуката на ЛМС за избор на членови во Работна група за прибирање предлози од членовите на Локалниот младински совет на Општина Велес за подготовка и изработка на годишна Програма за работа на ЛМС Велес во 2027 година (арх. бр. 11-255/74, од 14.09.2026 година), а согласно предлог-Програмата за работа на ЛМС Велес во 2027 година од страна на Работната група за прибирање податоци и подготвување на годишната Програма (арх. бр. 11-255/87, од 05.10.2026 година), како и Записникот од одржаната седница на членовите на Работната група (арх. бр. 11-255/85, од 05.10.2026 година),

Локалниот младински совет на Општина Велес на седницата одржана на 21.10.2026 година, донесе

ПРОГРАМА
за работа на Локалниот младински совет на Општина Велес во 2027 година

1. **Вовед:**

Врз основа на документите кои директно ја објаснуваат работата на Локалниот младински совет на Општина Велес (ЛМС Велес), а согласно Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ" бр. 10/2020), Локалниот младински совет на Општина Велес донесува годишна Програма за работа на ЛМС за секоја календарска година, преку која со активности ќе учествува во градењето на локални политики за подобрување на статусот на младите и ќе биде од интерес на младите луѓе на возраст од 15 до 29 години во општината.

Годишната Програма за работа на ЛМС Велес во 2027 година е во согласност со законските одредби произлезени од Законот за младинско учество и младински политики, а истовремено е во корелација и со законските одредби произлезени од Законот за еднакви можности помеѓу жените и мажите и Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Креирањето на Програмата е во согласност и со Националната стратегија за млади 2023-2027, а прилагодена со активности за извршување на потребите и интересите на младите девојки и момчиња, жени и мажи на локално ниво.

Изразите, употребени во оваа Програма кои се родово определени, се користат неутрално и се однесуваат еднакво на лица и од машки и женски пол.

Во изработката на Програмата учествуваа членовите на Локалниот младински совет на Општина Велес, давајќи предлози за активностите врз основа на претходно одржани работни средби / состаноци и/или

консултации со засегнати страни, односно претставници на разните Форми на младинско организирање и здружување во Општина Велес кои би биле од корист на младите луѓе во Општина Велес на возраст од 15 до 29 години.

Целиот процес на подготовка, координација и реализација на активностите поврзани со подготовка и донесување на годишна Програма за работа на ЛМС Велес за 2027 година, како и документите поврзани со целиот процес ги подготви, координираше, следеше, фасилитираше и организираше Службеникот за млади во Општина Велес.

Предложените активности соодветствуваат со потребите и приоритетите на младите во Општина Велес, согласно информациите и консултациите со засегнатите страни на подрачјето на Општина Велес и мапираните предизвици и приоритети на локално ниво.

Во Програмата се предвидени активности од неколку тематски области:

1.1. **Тематски области:**

- **Младинско учество** – Учеството на младите е процес на создавање на можности за тие да бидат значаен дел од процесот и ефективно да влијаат во креирањето и спроведувањето на политиките кои придонесуваат во развојот на стратегиите и програмите.

- **Младинско информирање** – Обезбедување пристап до информациите кои се поврзани со младите од институциите на централно и локално ниво. Најчесто, младинско информирање се подразбира како систем за давање услуги со специјализирани сервисни информации, кои се од интерес на младите луѓе. Особено важно за овој процес е тој да резултира со квалитетни информации до кои младите имаат слободен пристап и широка достапност.

- **Младинска работа** - Во оваа тематска област, согласно Националната Стратегија е предвидено законско регулирање, како и формално, општествено и политичко признавање на младинската работа. За таа цел на локално ниво ќе се организираат активности со цел зголемување на соработката помеѓу јавните институции, здруженијата на граѓани, единицата на локалната замоуправа и членовите на локалниот младински совет и Младинскиот центар во Велес, за едукација и информирање на сите засегнати страни за потребата од образование за младински работници.

- **Култура** – Културата се однесува на збир на материјални и духовни добра на социјална група пренесена од генерација на генерација со цел да се водат индивидуалните и колективните практики. Вклучува јазик, процеси, начин на живот, обичаи, традиции, навики, вредности, обрасци, алатки и знаења. Покрај дејноста на општинските културни установи, да се поттикнат и поддржат и други мерки и активности за подобрување на културно-рекреативниот живот и културна понуда за млади луѓе.

- **Здравје** - Во оваа област се предвидува поголема информираност на младите за здравствените теми, подобрување на менталното здравје, квалитетот на живот и животната средина. (Активности за зајакнување на свеста за врсничкото и родово базирано насилство помеѓу младите, активности за информирање и зголемуивање на свеста за разните видови зависност кај оваа возрасна група и слични активности поврзани со подобрување на самосвеста кај младите луѓе за општото здравје на човекот).

- **Квалитет на живот** – Во оваа област се опфатени елементи од сите досега обработени тематски области, но истовремено се фокусира и на други кои директно не припаѓаат под постоечките области.

1.2. Цели:

- обезбедени соодветни ресурси за имплементација на младински политики и механизми за младинско учество на локално ниво;
- институциите, организациите и младите луѓе имаат редовни, континуирани и заеднички активности во согласност со интересите на младите девојки и момци, жени и мажи;
- достапност на информациите од интерес на младите луѓе (јавни повици, јавни конкурси, настани, обуки и друго);
- младите луѓе се проактивни и креативни партнери во процесот на донесување на одлуки на локално ниво;
- активен придонес на младите луѓе во областите и полињата на нивен интерес.

2. Активности и финансирање

Тематска област	Активност	Очекуван резултат	Временска рамка	Ресурси	Предвиден буџет
Младинско учество	Отворање на Канцеларија за млади	Обезбеден простор за работа на ЛМС Велес, односно Канцеларија за млади како работен простор за одржување седници на ЛМС Велес, простор за одржување средби со млади и работен простор на Службеникот за млади	јануари / декември, 2027	Простор, канцелариска опрема, канцелариски материјали, внатрешно уредување	100.000,00
	Имплементација на Отворен ден со ЛМС Велес и Службеник за млади	Обезбеден простор за работа на ЛМС Велес, односно Канцеларија за млади како работен простор за одржување седници на ЛМС Велес, простор за одржување средби со млади и работен простор на Службеникот за млади	јануари / декември, 2027	Простор, канцелариска опрема, канцелариски материјали, внатрешно уредување	/
	Инклузија на млади со попреченост и други ранливи групи (состаноци со млади со попреченост и други ранливи групи)	Вклучени млади со попреченост и други ранливи групи	јануари / декември, 2027	Простор за работа, надворешни соработници и партнери на ЛМС Велес и Општина Велес	/
	Изработка на годишна Програма за работа на ЛМС Велес за 2028	Донесена годишна Програма за работа на ЛМС Велес во 2028 година	јануари - октомври 2027	Форми на младинско организирање и здружување,	/

Тематска област	Активност	Очекуван резултат	Временска рамка	Ресурси	Предвиден буџет
	година			односно, засегнати страни (училишни совети, подмладоци на политички партии, подмладоци на Здруженија на граѓани, младински организации и организации за млади, Младински центар Велес, останати релевантни чинители во заедницата)	
Младинско информирање	Учество на тематски обуки / работилници / јавни трибини / средби / семинари и/или проекти	Одржани тематски обуки / работилници / јавни трибини / средби / семинари и/или проекти со цел зголемена свест кај младите за улогата на младите во заедницата, промовирање на ЗМУМП, поддршка на младите од страна на локалните, државните и меѓународни институции,	јануари - декември 2027	Работна просторија, соработници и партнери на ЛМС Велес	/

Тематска област	Активност	Очекуван резултат	Временска рамка	Ресурси	Предвиден буџет
		зголемување на свеста кај младите за нивно активно вклучување во процесот на донесување одлуки на локално ниво, финансиска едукација и управување со личните финансии, подобрување на знаењата од областите на енергетска криза, климатските промени и практично справување со истите, младинска работа, младинско учество, медиумска писменост, екологија, заштита на животна средина, подобрување на компетенциите за вработување на млади и други теми.			
Младинска работа	Организирање работни и консултативни состаноци, јавни трибини и дискусии со млади луѓе и релевантни засегнати страни на теми за општествено и формално признавање на младинската работа	Одржани активности за општествено и формално признавање на младинската работа, едукација и информирање на сите засегнати страни за потребата од образование за младински работници. Зголемен степен на соработка помеѓу јавните институции, здруженијата на граѓани, единицата на локалната замоуправа, со членовите на ЛМС Велес, МЦВ и младите луѓе.	јануари - декември 2027	Работна просторија, соработници и партнери на ЛМС Велес	/
Култура	Одбележување на меѓународниот Ден	Одбележан меѓународниот Ден на младите,	Август 2027	Работна просторија,	/

Тематска област	Активност	Очекуван резултат	Временска рамка	Ресурси	Предвиден буџет
	на младите, 12 август	12 август		промоција, простор за настан, соработници и партнери на ЛМС Велес	
	Одбележување на меѓународниот Ден на волонтерството, 5 декември	Одбележан меѓународниот Ден на волонтерството, 5 декември	Декември 2027	Работна просторија, промоција, простор за настан, соработници и партнери на ЛМС Велес	/
Здравје	Организирање активности за зајакнување на свеста за врсничкото и родово базирано насилство помеѓу младите; за информирање и зголемување на свеста за разните видови зависност; активности поврзани со подобрување на самосвеста кај младите луѓе за	Реализирани активности за информирање и зголемување на свеста кај младите за разните видови зависност Подигната самосвест кај младите луѓе за општото здравје на човекот Подобрена информираност на младите за здравствените теми, поврзани со менталното здравје, квалитетот на живот и животната средина	јануари - декември 2027	Работна просторија, соработници и партнери на ЛМС Велес	/

Тематска област	Активност	Очекуван резултат	Временска рамка	Ресурси	Предвиден буџет
	општото здравје на човекот				
Квалитет на живот	Поднесување иницијативи до Совет на Општина Велес	Подобрен севкупен живот на младите во Општина Велес	јануари - декември 2027	Работна просторија	/
Други активности во соработка со соработници и партнери на ЛМС Велес и Општина Велес во текот на годината					/
Вкупно:					100.000,00

Активностите утврдени во оваа Програма ќе бидат реализирани со средства од Буџетот на Општина Велес предвидени во Програмата за активности на Општина Велес за поддршка на младите во 2027 година, со можност и за други извори на финансирање.

Согласно член 25 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ" бр. 10/2020), секоја општина е задолжена и обврзана да обезбеди финансиска поддршка наменета за младите во висина од 0,1% од општинскиот Буџет.

Истото е предвидено и дефинирано и во член 46 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 1/26).

Следствено на овие одредби, истото е предвидено и во член 30 од Деловникот за работа на Локалниот младински совет на Општина Велес (арх. бр. 11-255/57, од 06.07.2026 година).

Активностите наведени во оваа Програма за работа на ЛМС Велес во 2027 година подлежат на промени и измени во зависност од расположливите финансиски средства и/или согласно потребите, барањата, сугестиите, иницијативите од младите од локалната заедница, како и на партнерите и соработниците на ЛМС Велес кои ќе бидат вклучени во поединечните активности. Програмата е подлежна на дополнување согласно потребите, приоритетите и барањата на младите, односно со активности кои не се опфатени со оваа Програма, а се од општ интерес на младите од Општина Велес.

4. Родови индикатори

- вклученост на девојки и момчиња, жени и мажи во креирањето на младинските политики на локално ниво;
- вклученост на девојки и момчиња, жени и мажи во реализацијата на младинските политики;

- еднаков пристап на девојки и момчиња, жени и мажи до информациите од нивна корист (јавни повици, конкурси, настани, обуки и друго);
- вклученост на девојки и момчиња, жени и мажи во подготовката и усвојување на Локалната Стратегија за млади на Општина Велес;
- отвореност и достапност на Канцеларијата за млади за сите заинтересирани девојки и момчиња, жени и мажи кои побарале информации од интерес на младите, а кои се во делокругот на надлежностите на Општина Велес.

5. Извршител на Програмата

Задолжен за извршување на активностите предвидени во Програмата е Локалниот младински совет на Општина Велес, во соработка со Општина Велес, а во координација со Службеникот за млади во Општина Велес.

5.1. **Следење и известување:** за реализацијата на активностите од Програмата, односно за својата работа во тековната година, ЛМС Велес има обврска да изготви годишен Извештај, кој го доставува до своето собрание, до Советот на општината, а по неговото усвојување го објавува и јавно на интернет страницата на Општина Велес. Во годишниот Извештај се содржани информации за работата на ЛМС Велес за изминатата календарска година.

6. Завршни одредби

Програмата за работа на Локалниот младински совет на Општина Велес во 2027 година стапува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес".

Локален младински совет
на Општина Велес

Број 11-255/95
20. 10. 2026 година
Велес

Доставено до:
- Локален младински совет на Општина Велес;
- Службеник за млади и
- Списи и архива.